Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
"Ацо Шопов"
Бр. 04-302/1
27 03 2023 год.
Штип

Врз основа на одредбите од чл.77, 77-а, 77-б, 77-в, 77-г, 77-д, 77-ѓ, 77-е, 77-ж, 77-з, од Закон за култура („Службен весник на Р.М. број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ" бр. 15/2008)10/2020 ), и согласно одредбите од чл.12 од Статутот на Национална установа – Центар за култура „ Ацо Шопов " – Штип ( Пречистен текст ) директорот на НУЦК"Ацо Шопов"- Штип на ден 27-03-2023 год. ја донесува следната:

# О Д Л У К А

**За избор на кандидат за вработување на определено време**

по Јавен оглас 01/2023 од 15-02-2023 год.

1. Директорот на НУЦК"Ацо Шопов"- Штип на ден 27-03-2023 год., по спроведената постапка по Јавен оглас бр. 01/2023 од ден 15-02-2023 год. заведен под деловоден број 04-111/1 и објавен од страна на НУЦК"Ацо Шопов"- Штип во дневните весници " Коха ", " Слободен печат " и " Нова Македонија " , за прием на работник-Актер-четврта група- 2 (две) лица со шифра на работно место КУЛ0304А06001, категорија А-уметници, ниво А6 , изврши избор на следниот кандидат :

- **Даријан Петров**

2. По конечноста на одлуката за извршен избор, со избраниот кандидат од точка 1 ќе се потпише договор за вработување на определено време до 31-12-2023 год.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По добиената согласност од страна на Министерство за Финансии бр. 18-1689/4 од 30-12-2022 год., за вработување на двајца извршители на работно место - актер четврта група , од страна на директорот на НУЦК"Ацо Шопов"- Штип беше донесена одлука за распишување на јавен оглас заведена под деловоден бр. 04-109/1 од 14-02-2023 год. ,и на ден 15-02-2023 год. беше распишан јавен оглас бр. 01/2023 заведен под деловоден број 04-111/1 за вработување на двајца извршители на работно место - актер четврта група на определено време - до 31-12-2023 год.

По пристигнувањето на апликациите и документите на пријавените кандидати за објавените работни места во огласот за засновање работен однос на определено време, и спроведената постапка за селекција за вработување на кандидати од страна на Комисијата за постапка за вработување формирана од страна на директорот на НУЦК"Ацо Шопов со решение бр. 04-128/1 од 17-02-2023 год., и Комисија со заменици членови формирана од страна на директорот на НУЦК"Ацо Шопов со решение заведено под деловоден број 04-128/2 од 17-02-2023 год, беа прегледани пристигнатите апликации и документи на кандидатите , се изврши проверка на истите и беа спроведени сите потребни фази на постапката. За извршената селекција Комисијата достави записници : 04-157/2 од 10-03-2023 год., ; 04-157/3 од 17-03-2023 год, и 04-157/4 од 24-03-2023 год. со листа на предлог кандидати.

Врз основа на изготвените записници и донесените предлози од страна на истоимената Комисија а согласно одредбите од чл.77-ж ст.1 од Законот за култура, директорот изврши избор, и се донесе одлука за избор на кандидат.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Одлуката е доставена до:

- Именуваниот
- Пријавени кандидати
- Архива

ПРАВНА ПОУКА : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Управниот одбор на НУЦК „Ацо Шопов" – Штип, во рок од 8 дена од приемот.

Штип, 27-03-2023 год.

НУЦК"Ацо Шопов"-Штип
Директор
Горан Трајков